**ЗАПИСНИК**
**од 1 (конститутивна) седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 13 ноември 2025 година (четврток)**

Првата конститутивна седница на Советот на Општина Карпош се одржа на 13 ноември 2025 година (четврток), со почеток во 14.30 часот, во просториите на Општина Карпош.

Врз основа на евиденцијата, на почетокот Претседателот на Советот утврди дека на седницата присуствуваат 27 членови на Советот, според што Советот може да работи и полноправно да одлучува.

На седницата присуствуваа следните членови на Советот: Христо Саракинов, Адријана Јакимовска Панчевска, Благица Цветановска, Давор Грче, Неделчо Крстевски, Елена Домика, Димитар Георгиевски, Филип Ивановскии, Ана Цветаноска, Александар Петровски, Владимир Бислимовски, Вера Бужаровска, Радослав Трашановски, Милена Ристевска Илиоска, Славко Митевски, Дарко Ристовски, Катерина Илиева, Ивана Петковска, Зоран Краљевски, Добрила Андоновска, Горан Михајлов, Филип Филиповски, Татјана Чакулев, Татјана Стојановска, Љупчо Трипуноски и Јасмин Циривири.

На 1. (конститутивна) седница на Советот присуствуваше Градоначалникот на Општина Карпош Сотир Лукровски.

Согласно член 37 од Законот за локалната самоуправа, конститутивната седница ја свика и ја отвори Претседателот од претходен состав на Советот на Општина Карпош, по што се интонираше химната на Република Северна Македонија.

По интонирањето на македонската химна, досегашниот претседател на Советот, Бранко Ристов, им се заблагодари на советниците од минатиот мандат за соработката, а на новите им посака успешна работа, добар дијалог и многу конструктивни дебати.

Во оваа пригода, со поздравен говор пред присутните се обрати градоначалникот на Општина Карпош, Сотир Лукровски, кој најави дека општината влегува во нова етапа на одговорност, почит и работа.

Градоначалникот изјави цитирам "Денес не зборуваме за политичка победа. Зборуваме за доверба – довербата што ни ја дадоа граѓаните на Карпош. Тоа не е само резултат на избори, тоа е порака дека сакаат промени, ред, сигурност и живот со вистински вредности. Верувам дека вистинското лидерство не е во тоа да победиш противник, туку да создадеш средина во која сите победуваат. Имаме можност за достоинствен почеток – време кога, без разлика на политичките идеологии, сите заедно ја преземаме одговорноста да работиме за доброто на нашите сограѓани. Верувам и ветувам дека заедно, низ дијалог и почит, ќе изградиме локална самоуправа која ќе се развива рамномерно, со современа инфраструктура, чиста животна средина, поддршка за образованието, културата, спортот и социјалната заштита. Нашата заедничка цел мора да биде едноставна, но голема. Карпош да биде место каде граѓаните живеат достоинствено, каде институциите се отворени, и каде гласот на секој жител се слуша и се почитува. Јас сум убеден дека со континуирана работа ќе го трансформираме нашиот Карпош, кој ќе биде општина за пример!"

Претседателот од претходен состав на Советот на Општина Карпош (претседавачот - во понатамошниот текст), отвори расправа по предложениот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Предлог-Решение за формирање Комисија за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања;
   ПАУЗА за заседавање на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Карпош.
2. Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Карпош со Предлог за верификација на мандатот на членови на Советот на Општина Карпош и Предлог за избор на Претседател на Советот;
3. Предлог-Решение за избор на Претседател на Советот на Општина Карпош;
   ПАУЗА за заседавање на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Карпош.
4. Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Карпош со Предлози за избор на претседатели и членови на Комисиите при Советот на Општина Карпош;
5. Предлог-Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за финансии и локален економски развој;

6. Предлог-Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за заштита на животната средина и природата (екологија и енергетска ефикасност)
7. Предлог-Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за урбанистичко планирање;
8. Предлог-Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за комунални работи и сообраќај;
9. Предлог-Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за јавни дејности (образование, социјална и детска заштита);
10. Предлог-Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за култура;
11. Предлог-Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за спорт;
12. Предлог-Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за прописи;
13. Предлог-Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за негување и чување на традициите на македонскиот народ и македонската држава и заштита на историските споменици и спомен обележја;
14. Предлог-Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите

Претседавачот го стави на гласање предложениот дневниот ред

**Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 27 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, е усвоен дневниот ред за 1 (конститутивна) седница.**

1. **Предлог-Решение за формирање Комисија за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања;**

Претседавачот отвори расправа по предложената точка и ги извести присутните дека бил одржан координативен состанок на 13.11.2025 година помеѓу координатори/претставници на сите советнички групи. На состанокот била составена и како предлог доставена на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања, во следниот состав:

Претседател Адријана Јакимовска Панчевска

- Димитар Георгиевски, член на Советот на Општина Карпош,
- Предраг Станковски, член на Советот на Општина Карпош,
- Вера Бужаровска, член на Советот на Општина Карпош и
- Татјана Стојановска, член на Советот на Општина Карпош

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседавачот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 25 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 1 глас ВОЗДРЖАН, констатирано е дека, е усвоено Решението за комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања.**

Збор зема членот на Советот Татјана Стојановска која им укажа на избраните советниците дека Законот за спречување на корупција и за судир на интереси предвидува неспоивост на функцијата советник со одредени функции. Им посочи и ги запраша сите советници, дали се запознаени со тој момент, неспоивост на функцијата советник со функција управител или било каков орган на управување во рамките на јавни институции, установи и претпријатија, потоа несмее да е член на надзорен и управен одбор, исто така во рамки на јавни субјекти, односно претпријатија, агенции или фондови. Според ДКСК не смее да е член на управен одбор или друг орган за управување кој што се однесува на правни субјекти кои што имаат профит. Со прашање кон нив дали има некој таков и доколку не сте запознаени да пријави таква работа за да би можеле да знаат при самото верификување дали има таков судир на интереси.

Збор зема членот на Советот Дарко Ристовски со забелешка дека во свечената изјава стои Северна Македонија бара во нивните свечени изјави да се смени и да се тргне придавката Северна бидејќи било спротивно од член 38 од Законот за локалнатасамоуправа.

Претседавачот назначи ПАУЗА со цел Комисија за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања да се состане за да се разгледаат уверенијата и останатата документација на предложените советници.

По паузата се продолжи со работа.

2. **Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Карпош со Предлог за верификација на мандатот на членови на Советот на Општина Карпош и Предлог за избор на Претседател на Советот;**

Претседавачот ја повика Адријана Јакимовска Панчевска како претседател на комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Карпош и да го извести Советот за Извештајот на комисијата.

Претседателот на комисијата Адријана Јакимовска Панчевска посочи дека комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Карпош се одржала на ден 13.11.2025 година по одржаната седница се поднесува Извештај за членовите на Советот и мандатот на Претседател на Совет. Комисијата ги разгледала документите и уверенијата издадени од ОИК и врз основа на тоа му предлага на советот на општина Карпош да го усвои Извештајот и да ги верификува мандатите на членовите на Советот на Општина Карпош и мандатот на Претседателот на Советот.

Претседателот на комисијата ги прочита сите членови на Советот на Општина Карпош:

**Од листата на кандидати на Коалиција „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА“ предводена од ВМРО – ДПМНЕ (ВМРО – Демократска партија за македонско национално единство):**

1. Христо Саракинов
2. Адријана Јакимовска-Панчевска
3. Предраг Станковски
4. Благица Цветановска
5. Давор Грче
6. Неделчо Крстевски
7. Елена Домика
8. Димитар Георгиевски
9. Филип Ивановски
10. Ана Цветаноска
11. Александар Петровски

**Од листата на кандидати на „ИСКУСТВО ЗА УСПЕХ“ предводена од Либерално-демократска партија, Граѓанска опција за Македонија, Интегра – Македонска конзервативна партија и Партија за целосна еманципација на Ромите од Републиката:**

1. Добрила Андоновска
2. Зоран Краљевски
3. Горан Михајлов

4. Филип Филиповски

**Од листата на кандидати на Коалицијата за локални избори 2025 година предводена од СДСМ :**

1. Владимир Бислимовски
2. Вера Бужаровска
3. Радослав Трошановски
4. Милена Ристевска Илиоска

**Од листата на кандидати на ЛЕВИЦА:**

1. Славко Митевски
2. Дарко Ристовски
3. Катерина Илиева
4. Ивана Петковска

**Од листата на кандидати на ГРУПА ИЗБИРАЧИ-ТАТЈАНА ЧАКУЛЕВ:**

1. Татјана Чакулев
2. Татјана Стојановска
3. Љупчо Трипуноски

**Од листата на кандидати на ДВИЖЕЊЕ ЗНАМ – ЗА НАША МАКЕДОНИЈА:**

1. Јасмин Циривири

Претседавачот отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседавачот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 27 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоен Заклучокот за усвојување на Извештајот на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Карпош со Предлог за верификација на мандатот на членови на Советот на Општина Карпош и Предлог за избор на Претседател на Советот;**

**Претседателот ги упати советниците да ги потпишат свечените изјави.**

**3. Предлог-Решение за избор на Претседател на Советот на Општина Карпош;**

Претседавачот ја повика Адријана Јакимовска Панчевска како претседател на комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Карпош и да го извести Советот за предлозите на Комисијата.

Претседателот Адријана Јакимовска Панчевска ги прочита предлозите за претседател на Советот на Општина Карпош, и му предложува на Советот два кандидати:

- Христо Саракинов, претставник од листата на кандидати на Коалиција „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА" предводена од ВМРО – ДПМНЕ (ВМРО – Демократска партија за македонско национално единство
- Татјана Стојановска, претставник од листата на кандидати на ГРУПА ИЗБИРАЧИ-ТАТЈАНА ЧАКУЛЕВ:

Претседавачот отвори расправа за предложените кандидати.

Збор зема членот на Советот Татјана Стојановска, да образложи причината зошто се кандидира за претседател на Совет. Прво што би се заложила за промена на статутот и промена на деловникот, работите кои што смета дека се многу битни, а кои што наидовме на многу недоследности при претходното членување. Се смета на некој начин спремна да се прилагоди за таква една функција, при тоа секакако би нагласила, дека би работела и на тоа да има многу добра соработка со градоначалникот, пред се да се сложува.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлозите ги стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 14 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоено Решението за избор на Претседател на Советот на Општина Карпош и за претседател на Советот на општина Карпош е избран Христо Саракинов.**

Зема збор новиот претседател на Советот на Општина Карпош кој изјави цитирам: „Им благодарам од сé срце на советниците и на градоначалникот Сотир Лукровски за укажаната доверба. Оваа функција за мене претставува чест но исто така и обврска да се залагам за еден отворен и достапен Совет, кој ќе функционира на темелите на заемна почит и соработка. Како прв меѓу еднаквите, безрезервно ќе се залагам за отворање и разгледување на конструктивни предлози и проекти, кои ќе го подигнат животниот стандард на нашите сограѓани“.

Христо Саракинов веднаш ја презеде својата обврска како претседател и ги проследи останатите точки од денешниот дневен ред.

Претседателот на Совет на Општина Карпош даде пауза за да заседава комисијата за верификација прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Карпош.

По паузата се продолжи со работа.

4. **Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Карпош со Предлози за избор на претседатели и членови на Комисиите при Советот на Општина Карпош;**

Претседателот ја повика Адријана Јакимовска Панчевска како претседател на комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Карпош и да го извести Советот за предлози за избор на претседатели и членови на Комисиите при Советот на Општина Карпош;

Претседателот на комисијата посочи дека на координативниот состанок со координаторите на советничките групи се доставиле персонални предлози за членови во комисиите, како следи:

**Комисија за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања**

1. Претседател - Адријана Јакимовска Панчевска
2. Член Димитар Георгиевски
3. Член Предраг Станковски
4. Член Вера Бужаровска
5. Член Татјана Стојановска

**Комисија за финансии и локален економски развој**

1. Претседател Адријана Јакимовск Панчевска
2. Член Ана Цветаноска
3. Член Димитар Георгиевски
4. Член Милена Ристевска Илиоска
5. Член Зоран Краљевски

**Комисија за заштита на животната средина и природата (екологија и енергетска ефикасност)**

1. Претседател Добрила Андоновска
2. Член Неделчо Крстевски
3. Член Татјана Чакулев
4. Член Елена Домика
5. Член Дарко Ристовски

**Комисија за урбанистичко планирање**

1. Претседател Владимир Бислимовски
2. Член Предраг Станковски
3. Член Димитар Георгиевски
4. Член Александар Петровски
5. Член Татјана Чакулев

**Комисија за јавни дејности (образование, социјала и детска заштита)**

1. Претседател Елена Домика
2. Член Благица Цветановска
3. Член Филип Ивановски
4. Член Радослав Трошановски
5. Член Ивана Петковска

**Комисија за култура**

1. Претседател Горан Михајлов
2. Член Адријана Јакимовска Панчевска
3. Член Ана Цветаноска
4. Член Филип Ивановски
5. Член Славко Митевски

**Комисија за спрот**

1. Претседател  Предраг Станковски
2. Член Давор Грче

3. Член Неделчо Крстевски

4. Член Филип Филиповски

5. Член Дарко Ристовски

**Комисија за еднакви можности меѓу жените и мажите**

1. Претседател Благица Цветановска

2. Член Адријана Јакимовска Панчевска

3. Член Елена Домика

4. Член Ана Цветаноска

5. Член Александар Петровски

6. Член Татјана Стојановска

7. Член Радослав Трошановски

8. Член Добрила Андоновска

9. Член Ивана Петковска

**Комисија за прописи**

1. Претседател Вера Бужаровска

2. Член Давор Грче

3. Член Благица Цветановска

4. Член Александар Петровски

5. Член Славко Митевски

**Комисија за комунални работи и сообраќај**

1. Претседател Димитар Георгиевски
2. Член Давор Грче
3. Член Неделчо Крстевски
4. Член Милена Ристовска Илиоска
5. Член Славко Митевски

**Комисија за негување и чување на традициите на македонскиот народ и македонската држава и заштита на историските споменици и спомен обележја**

1. Претседател Филип Ивановски
2. Член Катерина Илиева
3. Член Јамин Циривири
4. Член Љупчо Трипуновски
5. Член Горан Михајлов

Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања му предлага на Советот да ги разгледа и усвои предложените персонални решенија за состав на постојаните комисии при Советот на Општина Карпош.

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Членовите на Советот Татјана Стојановска и Славко Митевски со забелешка за постојаните комисии, сметаат дека не биле распоредени правилно и сразмерно и дека неколку имиња се повторуваат во комисиите.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 17 гласови ЗА, 4 гласови ПРОТИВ и 3 гласови ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека, е усвоен Заклучокот за усвојување на Извештајот на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Карпош со Предлози за избор на претседатели и членови на Комисиите при Советот на Општина Карпош;**

5. **Предлог-Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за финансии и локален економски развој;**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 14 гласови ЗА, 4 гласови ПРОТИВ и 3 гласови ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека, е усвоено Решението за избор на претседател и членови на Комисијата за финансии и локален економски развој.**

6. **Предлог-Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за заштита на животната средина и природата (екологија и енергетска ефикасност)**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 15 гласови ЗА, 4 гласови ПРОТИВ и 4 гласови ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоено Решението за избор на претседател и членови на Комисијата за заштита на животната средина и природата (екологија и енергетска ефикасност).**

7. **Предлог-Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за урбанистичко планирање**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

**По спроведеното гласање со 18 гласови ЗА, 4 гласови ПРОТИВ и 3 гласови ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоено Решението за избор на претседател и членови на Комисијата за урбанистичко планирање.**

8. **Предлог-Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за комунални работи и сообраќај;**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 18 гласови ЗА, 4 гласови ПРОТИВ и 3 гласови ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоено Решението за избор на претседател и членови на Комисијата за комунални работи и сообраќај.**

9. **Предлог-Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за јавни дејности (образование, социјална и детска заштита);**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 17 гласови ЗА, 4 гласови ПРОТИВ и 3 гласови ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоено Решението за избор на претседател и членови на Комисијата за јавни дејности (образование, социјална и детска заштита).**

10. **Предлог-Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за култура;**

Претседателот отвори расправа по предложената точка

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 16 гласови ЗА, 4 гласови ПРОТИВ и 4 гласови ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоено Решението за избор на претседател и членови на Комисијата за култура;**

**11. Предлог-Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за спорт;**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 17 гласови ЗА, 4 гласови ПРОТИВ и 3 гласови ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоено Решението за избор на претседател и членови на Комисијата за спорт;**

**12. Предлог-Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за прописи;**

Претседателот на Совет отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и ја стави точката на гласање.

**По спроведеното гласање со 18 гласови ЗА, 4 гласови ПРОТИВ и 3 гласови ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоено Решението за избор на претседател и членови на Комисијата за прописи;**

**13. Предлог-Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за негување и чување на традициите на македонскиот народ и македонската држава и заштита на историските споменици и спомен обележја;**

Претседателот отвори расправа .

Бидејќи никој  друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и ја стави  точката на гласање.

**По спроведеното гласање со 17 гласови ЗА, 4 гласови ПРОТИВ и 3 гласови ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоено Решението за избор на претседател и членови на Комисијата за негување и чување на традициите на македонскиот народ и македонската држава и заштита на историските споменици и спомен обележја;**

**14. Предлог-Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите**

Претседателот отвори расправа.

Бидејќи никој  друг не се јави за збор, претседателот на Совет го затвори претресот и ја стави  точката на гласање.

**По спроведеното гласање со 17 гласови ЗА, 4 гласови ПРОТИВ и 3 гласови ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека е усвоено** Решението за избор на претседател и членови на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите

По исцрпување на дневниот ред седницата заврши во 15.15 часот.

Изработил: Виолета Андреевска

**Број: 09-10845/3**
**Датум: 02.12.2025 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА
**Христо Саракинов**